WBYL

WESTERNBALKANSYOUTHLAB

СОВЕТ ЗА РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА - ПРОЕКТ ЗА МЛАДИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

ОБУКА ЗА ЧЛЕНОВИТЕ НА РЕГИОНАЛНАТА БАЗА НА ЕКСПЕРТИ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МЛАДИНСКИ ЛАБАРАТОРИИ

30 ноември 2020, 09:30 – 13:10

## Вовед

Лабораторијата за младински политики овозможува учество и пристап во процесите на креирање политики кој на централно место ги става младите. Таа овозможува безбеден простор во кој младите можат подеднакво да учествуваат со креаторите на политики и значајно да се вклучат во развојот на политиките, нивната проценка или во нивното ревидирање врз основа на принципите на ко-управување и ко-креирање, каде што младите и креаторите на политики ја споделуваат моќта при управувањето и спроведувањето на просторот каде што се развиваат политиките. Лабораторијата за младински политики е пристап кој им дава можност на носителите на одлуки подобро да ги разберат реалностите, предизвиците и потребите на младите со цел да работат заедно со младите и да ко-дизајнираат нови иновативни решенија во однос на проблемите со кои се соочуваат младите.

Клучни основни активности на почетокот од лабораториите за младински политики се обуките за методологија која се користи за лабораторијата за младински политики, и Kick-off настан на регионалната тематска лабораторија за младински политики. Во периодот 30 ноември – 2 декември (пред Kick-off настан) ќе биде организирана обука во секоја од земјите и тоа на домашниот јазик. Kick-off настан на регионалната тематска лабораторија за младински политики во врска во однос на невработеноста на младите, која ќе доведе до политички препораки за справување со невработеноста кај младите, ќе биде организиран преку интернет на 14 и 15 декември 2020 година поради COVID-19.

Обуките на домашните јазици ќе бидат организирани во секоја од земјите, пред да биде организиран Kick-off настан, на кои ќе биде објаснет целокупниот процес на лабораторијата за младински политики и улогата на учесниците. Обуката ќе биде интерактивна, со активно учество, и ќе обезбеди можност за изразување мислења и дискутирање по прашања кои се релевантни за лабораторијата за младински политики и невработеноста кај младите. Учесниците ќе бидат воведени во темата на циклусот и ќе работат на практична вежба/ симулација за младински политики, при што ќе дискутираат за важноста на ко-креирање од аспект на регионална соработка, при што се поттикнува активно учество.

Сите учесниците ќе постапуваат соодветно со упатствата и насоките за состаноци преку интернет. Тоа значи дека ќе се приклучат на состанокот најдоцна пет минути пред официјалното време на започнување, со вклучена камера, ќе се согласат дека обуката ќе се снима со аудио и видео, ќе го стават микрофонот на mute кога нема да зборуваат и ќе избегнуваат бучни активности додека е вклучен микрофонот.

---

09:30 09:40

**Воведни забелешки**

**Адем Гаши,** тим лидер на проектот за лабораторија за млади во земјите од Западен Балкан RCC

---

09:40 10:30

**Улогата на регионалните експерти и меѓусебно запознавање**

**Матеј Маневски** и **Линдита Реџепи,** експерти

---

10:30 10:40

**Пауза**

RegionalCooperationCouncil

This project is funded by the European Union

## 10:40 11:25

Лабораторија за младинска политика: што е тоа?

Матеј Маневски и Линдита Реџепи, експерти

## 11:25 11:40

Повратен одговор во врска со методологијата за лабораторијата за младински политики

## 11:40 12:10

Презентација на експерт: невработеноста кај младите во земјите од Западен Балкан

Нанд Шани, тим лидер на платформата за вработување и социјални прашања, RCC

## 12:10 12:20

Пауза

## 12:20 13:00

Практична вежба/ симулација на лабораторијата за младински политики
Тема: Невработеност кај младите

Матеј Маневски и Линдита Реџепи, експерти

## 13:00 13:10

Евалуација на обуката

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МЛАДИНСКИ ЛАБАРАТОРИИ

## Информации за проектот

Тригодишниот проект за Лабораторија за млади за земјите од Западен Балкан, финансиран од ЕУ и имплементиран од RCC Советот, започна во месец јануари 2020 година и им дава можности на младите да учествуваат во процесите на донесување одлуки. Проектот ги опфаќа шесте економии од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Србија и РС Македонија) во кои младите претставуваат21,27% од целокупното население. Младинската лабораторија за земјите од Западен Балкан овозможува долгорочен структуриран регионален дијалог помеѓу младинските организации и националните администрации со акцент на заеднички развој на политики, што ќе го зголеми учеството на младите во донесувањето одлуки, ќе го подобри целокупното општествено-економско опкружување за младите и нивната мобилност во економиите од Западен Балкан, преку повеќе различни активности.

Проектот Лабараторија за млади во земјите од Западен Балкан се состои од четири компоненти кои меѓусебно се поврзани:

1. Мапирање на младинските политики и идентификување на постојната поддршка и недостатоците во финансирањето на младинските активности во земјите од Западен Балкан
2. Лаборатории за младински политики во земјите од Западен Балкан
3. Зајакнување на националните младински совети во земјите од Западен Балкан
4. Учество на млади од земјите од Западен Балкан на регионални и меѓународни настани

## ЕУ механизми за дијалог со младите и справување со невработеноста кај младите

ЕУ младински дијалог: Европската комисија го имплементира ЕУ младинскиот дијалог како консултативен и ко-креирачки процес чија цел е да ја поттикне соработката со граѓанското општество и да се добие инпутот на младите. ЕУ младинскиот дијалог претставува алатка за взаемна комуникација помеѓу младите и оние кои ги донесуваат одлуките. Тој претставува платформа за младите да ги креираат европските политики и да ги имплементираат приоритетите кои произлегуваат од европската младинска политика и соработка. Консултациите со секоја земја членка се прават на сите нивоа а процесот се имплементира во период од 18 месеци. ЕУ младинската конференција е главниот настан кој е поврзан со овој процес и кој е организиран од земјата која претседава со ЕУ.

Младинска гаранција: Воведена од Европската комисија во 2013 година, младинската гаранција (YG) е политичка заложба преземена од сите земји членки на ЕУ чија цел е да им овозможи на сите млади под 25 години добра и квалитетна понуда за вработување, континуирано образование, можности за стажирање или приправништво во рок од четири месеци по завршувањето на формалното образование или откако станале невработени. Со овој инструмент, ЕУ се справува со невработеноста кај младите. Секоја земја членка спроведува единствена национална младинска гаранција. Станува збор за активности како што се стажирање во локални фирми, приправничка работа со која се овозможува мешавина на искуство на работно место и часови со теорија, понуди за работа, финансирање на стартап компании или на самовработувања и курсеви за обука.

Економски и инвестициски план на ЕУ наменет за земјите од Западен Балкан: Во месец октомври 2020 година, Европската комисија усвои Економски и инвестициски план наменет за земјите од Западен Балкан кој во делот за младите содржи тнр. Flagship 10 – младинска гаранција. Со овој план, ЕУ бара од земјите од Западен Балкан да ја имплементираат flagship гаранцијата за млади согласно младинската гаранција на ЕУ, и тие потенцијално би имале поддршка од ЕУ во некоја од фазите. Имплементацијата треба да поминува низ четири фази, и тоа: 1) план за имплементација; 2) подготвителни работи; 3) пилот фаза и 4) постепено/ општо ангажирање. Од сите земји во Западен Балкан, досега само РС Македонија ја има имплементирано младинската гаранција.

* Ваквото определување нема за цел да ги прејудицира ставовите во однос на статусот и е во согласност со Резолуцијата 1244 на Советот на безбедност на Обединетите нации и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за Декларацијата за независност на Косово

RegionalCooperationCouncil

This project is funded by the European Union